Број 1

27.01.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува

Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

ЈАНУАРИ 2023

*Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **27.01.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 18. СЕДНИЦА

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **18. седница**, одржана на **26.01.2023** година и тоа:

1. **Правилник** за утврдување на начинот, условите, критериумите, постапката за доделување на еднократна парична помош;
2. **Заклучок** за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година ;
3. **Програма** за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година;
4. **Заклучок** за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2022 година на Општина Делчево;
5. **Програма** за комуникација со јавноста и промоција за 2023 година на Општина Делчево;
6. **Заклучок** за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година;
7. **Мислење** за Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ РСМ со учениците од трето одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
8. **Мислење** за Програма за изведување на дводневна екскурзија низ РСМ со учениците од шесто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
9. **Мислење за Програма за изведување на тридневна екскурзија низ РСМ со учениците** од деветто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
10. **Програма** за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;
11. **Програма** за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делкчево за 2023 година;
12. **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година;
13. **Заклучок** за усвојување на Акциски план за намалување на последиците од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост КОВИД период на локално ниво-Општина Делчево со период на имплементација 2023-2024;
14. **Заклучок** за усвојување на Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската заедница со период на имплементација2023-2026;
15. **Одлука** за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ„ М.М. Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето бр.09-2218/1 од 18.10.2022 година;
16. **Одлука** за давање согласност на Одлука бр.02-49/3 од 27.12.2022 година за отуѓување на ИТ опрема за преземање, транспорт и третман на електронски и

електричен отпад на овластена компанија;

17. **Одлука** за давање согласност на Одлука бр.02-780/2 од 23.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;
18. **Заклучок** за усвојување на Полугодишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година;
19. **Одлука** за парична помош на Стефанија Сапаловска од с. Разловци;
20. **Одлука** за парична помош на Верка Терзиска од с. Разловци;
21. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 177/1
27.01.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

**1.** Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 11 и член 306 став 2 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на РСМ бр.104/19, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022 и 273/2022), а во врска со член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) Советот на Општина Делчево на својата 18-та седница, одржана на ден 26.01.2023 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Делчево на физички лица и на урбани и месни зедници.

Член 2

Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички лица кои што се жители на Општина Делчево.

Член 3

Во Буџетот на Општина Делчево за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат во вид на :

1. Еднократна парична помош за социјално загрозени лица;
2. Еднократна парична помош за болничко лекување;
3. Еднократна парична помош за смртен случај;
4. Еднократна парична помош за лица настрадани од природни непогоди;
5. Еднократна парична помош за новороденче;
6. Еднократна парична помош за прво новороденче;
7. Еднократна парична помош за прваче;
8. Еднократна парична помош на згрижувачки семејства и
9. Еднократна помош за урбани и месни заедници.

## II. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Еднократна парична помош за социјално загрозени лица

Член 4

Општина Делчево доделува еднократна парична помош за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјална односно материјална загрозеност.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува од 1.000 до 2.000 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на физички лица без средства за егзистенција и физички лица корисници на минимална социјална помош.

Постапката за доделување на парична помош на социјално загрозени лица се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за социјално загрозени лица за барателот и членовите на неговото семејството е:

- важечка лична карта на барателот;

- потврди од Агенцијата за вработување на РСМ.;
- потврда од Центар за социјални работи;
- уверение за имотна состојба од Управата за јавни приходи;
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документација пропишана во став 5 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Еднократна парична помош за лекување

Член 5

Еднократна парична помош се доделува на физички лица за лекување во државата и во странство, а кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член се доделува според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата до 10.000 денари;
2. Лекување надвор од државата до 6.000 денари;
3. Лекување со оперативен зафат во државата до 6.000 денари;
4. Лекување со соодветни испитувања во болнички услови до 4.000 денари.

Во исклучителни ситуации висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената во став 2 на овој член, а најмногу до 30.000денари и тоа кога барателот е во живото-загрозувачка состојба и му се потребни повеќе финансиски средства за да изврши оперативен зафат.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ од 30.000денари.

Постапката за доделување на парична помош за лекување се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лекување за барателот и членовите на неговото семејството е:

- важечка лична карта на барателот;
- Медицинска документација(специјалистички упати,наоди од специјалист,извештај за историјат на болеста,отпусни листи, медицински потврди од соодветни здравствени установи за болничко лекување, потврда/извештај за закажана хируршка интервенција и слично);
- потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработеничленови на семејството);
- потврди од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени членови на семејството) ;
- потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 6 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од извршениот оперативен зафат или завршувањето на лекувањето.

Еднократна парична помош за смртен случај

Член 6

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства кои се соочуваат со смртен случај, а не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за истиот.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член е до 5.000 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на невработени лица или на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ кој е пропишан како минимална плата утврдена со закон.

Постапката за доделување на парична помош за смртен случај се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за смртен случај за барателот и членовите на неговото семејството е:

- важечка лична карта на барателот;
- извод од матичната книга на умрените ;
- потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработен и членови на семејството);
- потврди од Агенцијата за вработување на Р.М. (за невработени членови на семејството) ;
- потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 5 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од настанувањето на смртниот случај.

Еднократна парична помош за лица настрадани од природни непогоди

Член 7

Еднократна парична помош ќе се доделува на поединец или семејство кое се нашло во положба наприродна непогода (земјотрес, поплава, пожар).

Паричната помош од став 1 се доделува само за оштетени објекти.

Висината на паричната помош се доделува во зависност од причинетата штета и вкупните примања на семејството и е поделена во две категории:

- Прва категорија – до 15.000 денари на семејства со вкупни примања до 25.000 денари.
- Втора категорија – до 10.000 денари на семејства со вкупни примања од 25.001 денари до 40.000 денари.

Во исклучителни ситуации висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената во став 3 на овој член, а најмногу до 30.000денари и тоа кога на барателот кој се соочил со природни непогоди му е предизвикана штета од големи размери и тоа само за објекти наменети за домување.

Постапката за доделување на парична помош за лица настрадани од природна непогода се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лица настрадани од природна непогода за барателот и членовите на неговото семејството е:

- важечка лична карта на барателот;
- записник или наод и мислење за утврдената состојба од претрпена природна непогода издаден од надлежен орган;
- потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработени членови на семејството);
- потврди од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени членови на семејството);
- потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 6 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од настанувањето на природната непогода.

Еднократна парична помош за новороденче

Член 8

Право на еднократна помош за новороденче има мајката која родила едно или повеќе живородени деца (близнаци, тројка или повеќе).

Висината на парична помош за секое новороденче изнесува 3.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош за новороденче се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за новороденче:

- Важечка лична карта од мајката;
- Извод од матичната книга на родените за детето ;
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од раѓањето на детето.

Исклучок од став 1 на овој член право на еднократна парична помош за новороденче може да добие таткото само во случај на смрт на мајката.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на еднократна парична помош за новороденче.

Еднократна парична помош за прво новороденче

Член 9

Право на еднократна помош за прво новороденче има мајката која ќе го роди првото новороденче во тековната годината.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член изнесува 10.000денари.

Остварувањето на правото на парична помош за прво новроденче го исклучува правото за користење на парична помош за новороденче по член 8 од овој правилник.

Постапката за доделување на парична помош за прво новороденче се поведува соподнесување на барање од страна на Општина Делчево до ЈЗУ Здравен дом,,Гоце Делчев,, Делчево.

ЈЗУ Здравен дом,,Гоце Делчев,, Делчево ја известува Општина Делчево кога ќе се роди првото новороденче во годината.

Градоначалникот на Општина Делчево врз основа на добиеното известување донесува решение за доделување на еднократна парична помош за прво новороденче во Општина Делчево.

Исклучок од став 1 на овој член право на еднократна парична помош за прво новороденче може да добие таткото само во случај на смрт на мајката.

Еднократна парична помош за прваче

Член 10

Право на еднократна помош за прваче има секое семејство кое го запишале своето дете- прваче во основно училиште на територија на Општина Делчево.

Висината на парична помош за секое прваче изнесува 3.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош за прваче се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за прваче е:

- Важечка лична карта на еден од родителите;
- Извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште;
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од почетокот на учебната година.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на еднократна парична помош за прваче.

Член 11

Еднократна парична помош на згрижувачки семејства

Право на еднократна помош за згрижувачко семејство има секое ново згрижувачко семејство во општина Делчево.

Висината на парична помош за секое згрижувачко семејство изнесува 10.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош на згрижувачки семејства се поведува со поднесување на писмено барање на носителот на згрижувачкото семејство до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото од став 1 на овој член е:

- Копија од важачка лична карта на барателот;
- Решение за згрижувачко семејство од Центарот за социјална работа во Делчево;
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на еднократна парична помош на згрижувачки семејства.

Член 12

Еднократна помош за урбани и месни заедници

Право на еднократна помош имаат урбаните и месните заедници во општина Делчево, за одржување на настан и манифестација во месната и урбаната заедница како и за одржување на инфраструктура од јавен интерес во урбани и месни заедници.

Еднократната помош за урбаните и месните заедници се доделува во форма на парични средства или во форма на предмети, материјали или прехранбени пакети.

Висината на паричните средста, како и вредноста на предметите, материјалите или прехранбените пакети може да биде најмногу во вредност до 10.000 денари.

Постапката за доделување на парична помош на месните и урбаните заедници се поведува со поднесување на писмено барање од претседателот на месната или урбаната зедница до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на еднократна помош за урбани и месни заедници е:

- Копија од важачка лична карта на барателот;
- Кратко образложение за потребата од парична помош;
- Изјава од преседателот на месната/урбаната заедница дека еднократната помош ќе ја искористи исклучиво за потребите на месната/урбаната заедница;
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 5 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на еднократна парична помош на урбани и месни заедници.

Член 13

Правото на користење на парична помош од член 4, член 5, член 6 и член 7 на овој правилник, барателот може да го оствари само еднаш во текот на една календарска година.

Исклучок на став 1 од овој член барателот може да оствари парична помош и двапати во текот на една календарска година, доколку лицето кое по остварувањето на парична помош за социјална загрозеност во тековната година, се соочи со природна непогода или му се потребни средства за оперативен зафат, а кои можат да бидат основи за поднесување на барање за доделување парична помош.

III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 14

По поднесени барања за доделување на парична помош од член 4, член 5, член 6 и член 7 на овој Правилник одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата за доделување на парична помош.

Член 15

Комисијата за доделување на парична помош(во натамошниот текст Комисија) ја формира Градоначалникот на Општина Делчево со Решение од редот на вработените во општинската администрација и 2 члена на Советот на Општина Делчево.

Член 16

Комисијата ги разгледува поднесените барања и констатира дали барателите ги исполнуваат условите за доделување на парична помош согласно одредбите од овој Правилник.

Член 17

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи Претседателотна Комисијата.

За текот на седницата на Комисијата се води Записник.

Член 18

Претседателот на Комисијата е должен еднаш во месецот да свика седница на Комисијата за разгледување на поднесените барања.

Член 19

Комисијата најпрвин утврдува дали поднесените барања се комплетни и дали се поднесени во рок кој е пропишан со овој правилник .

За некомплетните и ненавремено поднесени барања, Комисијата дава предлог до Градоначалникот да донесе решение со кое ќе го отфрли барањето за доделување на еднократна парична помош.

Член 20

Доколку барањето е комплетно и е поднесено согласно пропишаниот рок Комисијата ја проверува основаноста на барањето и дава предлог до Градоначалникот согласно член 14 од овој правилник.

Член 21

Предлогот за доделување на парична помош го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

Член 22

По доставувањето на предлогот Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за одобрување или одбивање на барањето за доделување на парична помош.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој Правилник влегува сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018година( Службен гласник бр.2/18) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помошбр.09-1272/1 од 30.07.2020 година ( Службен гласник бр.12/20).

Бр: 09- 151/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01.2023 година Претседател
Делчево Гоце Попов,с.р.

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 18. седница, одржана на ден 26.01.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2022 година на Општина Делчево

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2022 година на Општина Делчево

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 154/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01. 2023 г. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

3.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НАСТАНИ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ
ЗА 2023 ГОДИНА

Делчево, јануари 2023 г.

## I ВОВЕД

Со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што го прават културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

### 1.1 Појдовна основа на Програмата за одбележување настани и културни манифестации

Врз основа на членот 22 став 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) во која се пропишани надлежностите на Локалната самоуправа на полето на

културата, во смисла институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво; и член 15 точка 5 од Статутот на Општина Делчево, Општина Делчево ја донесува оваа Годишна програма за одбележување настани и културни манифестации во 2023 година.

Програмата за култура е подготвена во координација со Комисијата за организирање настани и културни манифестации во Општина Делчево, локални институции од областа на културата и граѓански здруженија со примарна дејност во областа култура.

1.2 Целни групи и крајни корисници

Општо целни групи

Програмата ги таргетира жените, мажите, момчињата и девојчињата од Општина Делчево. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Програмата предвидува и директна соработка со граѓанските организации, како и соработка, обединување и поддршка на сите локални институции кои работат на полето култура.

Крајни корисници

Жените и мажите, момчињата и девојчињата на Општина Делчево, како и од регионот.

1.3 Програмата е флексибилен документ

Програмата претставува рамка по која ќе се движи планирањето, организирањето на настаните и е флексибилен документ кој може да се надополнува со цел ефектна реализација и подобра понуда од областа на културата за граѓаните на Делчево. Воедно, во организацијата и реализацијата на Програмата активно учество ќе земат сите институции од областа на културата во Делчево, граѓански здруженија кои работат во областа култура и културно наследство, како и поединци истакнати културни работници кои се партнери во Програмата и членови на Комисијата за одбележување настани и клутурни манифестации во Општина Делчево.

1.4 Одговорни за реализација на Програмата

Одговорни за реализација на Програмата се: Комисијата за организирање настани и културни манифестации во соработка со ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, КУД „Гоце Делчев“, ФГ „Копачка“, образовните институции во Општина Делчево и други институции и граѓански организации.

II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

2.1 Општа цел на Програмата

Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и приближување на културата до сите жени, мажи, девојчиња и момчиња од Општина Делчево, а настаните и манифестациите од областа на културата се во функција на туристичка понуда од регионот.

2.2 Специфични цели

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Делчево;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Делчево;

- Презентирање и афирмирање творци и интерпретатори од областа на културата;
- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;
- Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;
- Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Делчево;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Промоција и афирмација на Локалниот музеј на град Делчево „Пијанец"
- Инклузија на лица со посебни потреби во областа култура.

Програмата ќе се реализира и во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" од Делчево, ЈЛБ „Илинден", здруженија на граѓани, Министерството за култура на РСМ и донатори.

## III ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 3.1 Обичај под маски Сурова во с. Ѕвегор

Општина Делчево дава поддршка за реализација на традиционалниот обичај под маски „Сурова" во делчевски Ѕвегор. Целта е овој обичај да се промовира, да се спакува како туристичка понуда од Општината, но и почитување на живото културно наследство во Пијанец.

**Активности:**

- Изработка на плакати;
-Поддршка за набавка нови маски и организација за свечениот ручек на учесниците на настанот.

**Учесници:**

- Локална група-суроваскари
- Групи под маски од соседните држави
- Жители на с. Ѕвегор и Делчево
- гости

**Локација-** село Ѕвегор

**Датум: 14 јануари- ден Василица**

### 3.2 Одбележување годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер и идеолог Гоце Делчев- патрон на Делчево

По повод денот на раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев, патрон на Делчево, Општина Делчево ќе организира настани со кои ќе се оддаде почит кон ликот и делото на великанот Делчев.

**Датум : 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев**

**Активности по повод 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев**

-Полагање свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево по повод годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев;
-Реферат во чест на Гоце Делчев-подготвен од КУД „Гоце Делчев";

**Учесници на настанот**: претставници од Локалната самоуправа, Совет на Општина Делчево, претставници на политички партии, институции, здруженија на граѓани;
**Место на настанот**: споменик на Гоце Делчев во центарот на градот Делчево/ Спомен-дом АСНОМ
**Полагање свежо цвеќе пред гробот на Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“ во Скопје**
**Учесници:** Делегација од Општина Делчево
**Место на настанот:** црква „Св. Спас“ во Скопје

### 3.3 Февруарски поход

По повод одбележување годишнина од тактичко-оперативните дејства на Народноослободителната војска на Македонија познати како Февруарски поход, а спроведени на територијата на источна, централна и западна Македонија, опфаќајки ја и планината Голак, како стратешка позиција, Општина Делчево традиционално организира настан со кој оддава почит и признание за жртвата на храбрите борци и нивното наследство потенцирајќи го успешното изведување на Февруарскиот поход кое имало големо политичко и воено значење за НОВ во Македонија, воопшто.
**Датум: Февруари, втората половина од месецот**

**Одбележување 79 години од Февруарскиот поход**

**Активности по повод одбележување годишнина од Февруарскиот поход:**
- Планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход на Голак“
- Полагање свежо цвеќе пред спомен-плочата поставена на Голак
- Реферат за улогата и значењето на Февруарскиот поход
- Доделување благодарници за учество на планинарскиот марш;

**Опис:** По повод Февруарскиот поход, Општина Делчево традиционално организира планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход“ на која учество земаат планинарски друштва од регионот, како и претставници на институции, здруженија на граѓани и физички лица од Делчево и од соседните општини. Пред спомен-плочата поставена на планината Голак, се оддава почит на загинатите борци.

**Учесници**
- Претставници на Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции, здруженија на граѓани, граѓани.

**Место на настанот**- Спомен-плоча на планината Голак

### 3.4 Априлијада

Традиционално на 1 април на меѓународниот ден на шегата, Општина Делчево во партнерство со образовните институции од градот и детската градинка, организира дефиле под маски. Настанот има ревијален карактер.

**Датум 1 април**
**Активности**

-организирање дефиле низ улиците во центарот на градот

- на летната сцена настап на групните и поединечните маски
-обезбедување озвучување и забава на отворено

Учесници – ученици од образовните институции од градот и децата од детската градинка „Весели цветови“
Место на настанот пред летната сцена

3.5. 8 Април меѓународ ден на Ромите

Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април е ден со кој се прославува ромската култура, но и се подига свеста за проблемите со кои се соочуваат Ромите. Денот службено бил прогласен во 1990 година, а Општина Делчево во соработка со граѓанските здруженија традиционално организира настани во чест на празникот на Ромите. Целта на настаните организирани по повод 8 Април е подигнување на свесноста и потсетување на долгогодишната борба за подобар и подостоинствен живот на оваа група луѓе.

Датум: 8 Април
Активности:
- Свечен прием на делегација кај градоначалникот на Опшштна Делчево
- Истакнување на ромското и македонскот знаме пред Општина Делчево поповод празникот
-Литературен конкурс за творби
-Дебата помеѓу средношколци на актуелни тема
- Свечена академија

Учесници : Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден“, НВО КХАМ, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“; гости: претставници од Владата на РСМ, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево, ученици, кутурно уметнички друштва, музички бендови...

Место на настанот : Општина Делчево, Спомен- дом АСНОМ

3.6 Велигденска изложба

Датум: Велики четврток

По повод големиот верски празник Велигден, Општина Делчево традиционално организира „Велигденска изложба“ на која се анимираат за учество училишта, институции, здруженија на граѓани, граѓани. Со цел да се поттикне креативноста на учениците и, воопшто, на учесниците, Општина Делчево доделува три награди на најдобрите декорации. Оценувањето го врши Комисија избрана од Комисијата за организирање културни настани и манифестации. Настанот има продажено-хуманитарен карактер.

Активности
- Избор на најубави велигденски декорации (обоени јајца, цртежи, велигденски декорации на штанд);

- Доделување награди на најдобрите декорации;
- Доделување благодарници на учесниците;
- Хуманитарна продажба на велигденските изработки на штандовите од учесниците;
- Обезбедување озвучување и водител на програма;
- Формирање Комисија за оценување на штандовите за награди;
- Соопштение до медиумите за настанот.
- Информација за настанот до медиумите.

Учесници

-Училишта, градинка, институции, здруженија на граѓани, заинтересирани граѓани.

Место на настанот

-Летна сцена пред Спомен-дом АСНОМ/фоаје на Спомен –дом АСНОМ.

## 3.7 Одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев

**Датум 4 мај**

По повод смртта на револуционерот Гоце Делчев, 4 мај, Општина Делчево организира настан пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот.

Активности по повод одбележувањето на смртта на Гоце Делчев

- Положување букети свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево;
- Реферат за ликот и делото на Гоце Делчев, подготвен од КУД „Гоце Делчев“;

Учесници

- Претставници од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции и здруженија на граѓани.

Место

-Пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот

**Делегација од Општина Делчево во црквата „Св Спас“во Скопје**

Активност

Полагање свежо цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас“во Скопје.

**Учесници:** делегација од Општина Делчево

**Локација**: гробот на Гоце Делчев , црква „Св.Спас“ Скопје

## 3.8 Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа

**Датум** 9 Мај

По повод 9 Мај, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, Општина

Делчево организира пригодна свеченост со цел одбележување на двата значајни настани од поновата историја.

Активности по повод Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа
-Полагање свежо цвеќе пред спомеником на паднатите борци во центарот на Делчево;
-Реферат;
-дебати организирани од Советот на млади/ученички парламенти

**Учесници:** претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, политички партии, граѓански организации, институции, КУД „Гоце Делчев“ од Делчево.
**Локација:** Споменик на паднатите борци во центарот на градот.

## 3.9 Одбележување годишнина од Разловечкото востание

### Датум 20 мај (или викенд во втората половина од мај)

Општина Делчево традиционално организира настан во селото Разловци со цел да се одбележи значајниот датум од предилинденскиот период и од првото вооружено Востание на македонскиот народ кое било организирано од локалните жители на 20 мај 1876 година.
**Активности:**
-Организирање планинарски марш „Разловечко востание“;
-Изложба во спомен –домот „Разловечко востание“ во Разловци;
-Положување свежо цвеќе пред спомен-плочата на Поп Стојан;
-Културно-уметничка програма;
-Реферат;
-Доделување благодарници на учесниците
-Ручек за гостите и планинарите.

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, претставници од локални и национални институции и фирми, претставници од политички партии, граѓански организации, планинарски друштва, соработници на Општина Делчево, граѓани на Општина Делчево и од селото Разловци, поканети гости од претставници од Владата на РМ, гости од соедни општини до Македонија и држави, медиуми.

**Локација**: дворот на црква „Св. цар Константин и царица Елена“и спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци.

## 3.10 Одбележување на 24 Мај-Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј

**Опис:** Општина Делчево го одбележува Денот на сесловенските просветители, светителите Кирил и Методиј, 24 Мај, како заштитници на градот Делчево. По тој повод, традиционално се организираат низа настани од областа на културата

По тој повод, како град што ги слави солунските браќа како свои заштитници, Општина Делчево во својата Годишна програма за култура планира да организира повеќе манифестации со кои ќе се промовира и афирмира делото на сесловенските просветители:

- Организација на концерт (настап на хор, инструменталисти, артисти и сл).;
- Организација на изложба;
- Промоција на книги;

-Во соработка со Брегалничката епархија се организира Света литија до црквата параклис „Свети Климент Охридски".

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, членови на Советот на Општина Делчево, претставници од МПЦ-Брегалничка епархија, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, научни работници од областа на историјата и филологијата, просветни работници, претставници од институции и фирми, како и граѓани.

**Место на настанот:** Спомен-дом АСНОМ

### 3.11 Одбележување годишнина од Илинденското востание

**Датум 2 Август**

Општина Делчево традиционално организира активности со цел достојно одбележување на годишнината од Илинденското востание.

**Активности:**

-Изработка на покани;
-Положување свежо цвеќе;
-Реферат;
-Поддршка на одбележувањата на Илинден во с. Ѕвегор (организација на културно-уметничка програма).

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево.

**Место:** Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот и споменик на паднатите борци во центарот на градот; црквата „Св.Илија" во с. Ѕвегор.

### 3.12 Делчевско лето

**Датум од 01.07. 2022 до 15.09. 2022**

Општина Делчево во текот на летниот период и во соработка со други институции, бизнис-заедницата, нво-секторот, надлежното Министерство за култура, институции и здруженија од областа на културата, ќе организира низа настани од областа на културата со цел да се збогати културната понуда во летниот период при што се очекува присуство на граѓани од Делчево, наши иселеници и граѓани од соседните општини.

**Активности:**

-организирање целовечерни концерти на познати музички ѕвезди од естрадата;
-организирање целовечерен концерт од областа на класичната музика;
-организирање концерти од областа на фолклорот;
-организирање изложби;

-организирање промоции на книги и други дела;
-поддршка на млади уметници и автори;
-изработка на покани;
-изработка на плакати;
-организирање летно кино;
-промоции на културно наследство;
-драмски претстави;
-обезбедување ручек и спиење за гостите.
Учесници: музички ѕвезди, музички состави, културно-уметнички друштва, поети, ликовни уметници, солисти, театри и сл.
Место на настанот: Летна сцена и Спомен-дом АСНОМ

3.13 Голачки фолклорни средби
Датум 8 август
Во пресрет на верскиот празник Свети Пантелејмон, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Министерството за култура, ги организира традиционалните „Голачки фолклорни средби“ на летната сцена на врвот Чавка на планината Голак покрај манастирот посветен на Свети Панталејмон.
Активности
-Подготовка на покани и плакати;
-Покани до фолклорни друштва од земјава и странство;
-Информација до медиуми;
-Организација на превоз за фолклорните друштва и гостите;
-Озвучување
-Поставување тезги со храна и пијалоци, како и ракотворби
-Сместување на гостите од странство
-Угостителски услуги
Учесници
Домашни и странски фолклорни друштва, претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции, фирми, здруженија на граѓани и граѓани на Делчево и поширокиот регион.
Место Планина Голак, месност Чавка
3.14 Одбележување на Денот на ослободувањето на Делчево и независноста на Република Северна Македонија

Датум: 7 Септември, Ден на ослободување на Делчево и 8 Септември, Ден на независноста на Р. Македонија
Активности:
-полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот;
-Свечена седница на Советот на Општина Делчево;
-прием на делегации кај градоначалникот;
-доделување награди и признанија на заслужни граѓани;
-коктел за гости;
-организирање културно-уметничка програма;
-организирање меѓународни спортски натпревари;

-доделување награди од Конкурсот за избор на најубаво уреден двор.

Учесници:

Претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево, претставници од локални инстутиции, политички партии, здруженија на граѓани, граѓани на Општина Делчево, поранешни градоначалници и претседатели на Советот и советници и др.

Место: Спомен- дом АСНОМ

Споменик на паднатите борци-центар на Делчево

## 3.15 Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба

Датум-првата сабота од септември

Општина Делчево е партнер во традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба"која е дел од меѓународниот фестивал „Делчево-фест" во организација на КУД „Гоце Делчев" од Делчево, чија цел е сочувување од заборав на старите свадбарски обичаи и настан кој има регионално значење и е во насока на промоцијна на регионот, како и сочувување на традицијата и фолклорот.

Активности:

-организација и подготовка на традиционалната свадба;
-подготовка и дистрибуција на покани;
-обезбедување подарок за зетот и невестата на традиционалната свадба;
-прием кај градоначалникот на гостите и сватовите;
-ручек за сватовите и делегациите.

Учесници: КУД „Гоце Делчев" од Делчево, културно-уметнички друштва од земјава и странство, делегации од соседните општини, претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево, заинтересирани граѓани, претставници на нво-секторот, бизнис-секторот и др.

Место на настанот: летна сцена пред спомен-домот АСНОМ

## 3.16 Денови на пијанечката слива

Датум- средина на септември

Општина Делчево традиционално го организира настанот „Пијанечки денови на сливата" со цел промоција на сливата и преработки од сливата, како еден од најзастапените земјоделски производи кај нас.

Активности:

-подготовка на покани и плакати
-покани за учесници на настанот
-обезбедување штандови за учесниците за промоција на производи од слива
-награди за најдобро уредени штандови и производи
-награди за најдобра сливова ракија
-печатење промотивен материјал
-обезбедување озвучување
-благодарници за учесниците
-Вредноста на наградата изнесува: - 4.000 денари за освоено прво место за највесела ракија;- 3.000 денари за освоено второ место за највесела ракија;- 3.000

денари за најсладок мармалад(слатко); 3.000 денари за најубав штанд.

Учесници:

Претставници од Општина Делчево и Совет на Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, детска градинка „Весели цветови“, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“,институции, здруженија на граѓани, земјоделски здруженија и поединци.

Место на настанот: пред спомен-дом АСНОМ

### 3.17 Ден на Востанието на Република Северна Македонија и Ден на борецот

Датум 11 Октомври

Општина Делчево традиционално го одбележува Денот на Востанието и Денот на борецот организирајќи пригодна програма.

Активности:

-покани за одбележување на настанот
-букети свежо цвеќе
-реферат за условите на изведување на Востанието и неговата улога во НОВ на македонскиот народ;
-концерт;
-изложба;

Учесници: Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

Место: Споменик на паднатите борци во центарот на градот

### 3.18 Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба

Датум 23 Октомври

Општина Делчево со пригодни настани го одбележува 23 Октомври, Денот на револуционерната борба.

Активности:

-покани за одбележување на настанот
-букети свежо цвеќе
-реферат
-концерт
-изложба.

Учесници: Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

Место: Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот

### 3.19 Новогодишна програма

Датум 20-12.- 15.01

Традиционално, Општина Делчево организира настани по повод новогодишните празници.

Активности:

-новогодишна детска програма;
- новогодишни и божиќни концерти;
-ликовни изложби;
-драмски претстави;
-промоции.

IV ФИНАНСИСКИ ДЕЛ

4.1 Табеларен преглед на настани и финансии

| Табела 1<br>Реден бр. | Настан | Месец на одржување | Буџет во денари |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | Свежо цвеќе за одбележување годишнини и значајни настани и за други поводи | Цела година | 33.000,00 |
| 2. | Културно наследство –обичај под маски Сурва | 14 јануари | 10.000,00 |
| 4 | Февруарски поход | Февруари | 6.000,00 ден |
| 5. | Априлијада | 1 април | 6.000,00 |
| 6. | Велигденска изложба (награди за штандови) | Велики четврток април/мај | 7.000,00 |
| 7. | Одбележување годишнина од Разловечко востание (превоз, ручек за гости и планинари) | Мај | 30.000,00 |
| 8. | Одбележување на патронот Св.Кирил и Методиј (авторски хонорари за уметници) | 24 мај | 30.000,00 |
| 9. | Одбележување 2 Август – Илинден-поддршка во с. Ѕвегор | Август | 10.000,00 |
| 10. | Делчевско лето- | Јули/август | 100.000,00 |
| 11. | Голачки фолклорни средби | Август | 30.000,00 |
| 12. | Одбележување на Денот на ослободување и Денот на независноста | септември | 30.000,00 |
| 13. | Пијанечко-малешевска свадба (подарок-ручек на сватови) | септември | 50.000,00 |
| 14. | Ден на пијанечката слива (награди, промотивен | септември | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | материјал ) | | |
| 15. | Новогодишна/божиќна програма | Декември/јануари | 40.000,00 |
| 16. | Печатење плакати, покани | Цела година по повод | 25.000,00 |
| 17. | Изложби на уметнички дела/историски изложби по повод | По повод 24 Мај/ 7 Септември и сл. | 35.000,00 |
| 18. | Одбележување 8 Април | 8 Април | 10.000,00 |
| Вкупно | | | 472.000,00 ден |
| Табела 2 | | | |
| Табела 2 Реден бр. | Други непредвидени расходи | | Буџет |
| 1. | Други договорни услуги | | 100.000,00 |
| 2. | Непредвидени трошоци | | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 200.000,00 |
| табела 1+2 | ВКУПНО | | 672.000,00 |

4.2 ФИНАНСИРАЊЕ на активностите по Програмата

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2022 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, Министерство за култура, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата ќе се гради партнерство и ќе се обезбедат средства од други извори на финансирање:

1. Министерството за култура на Република Северна Македонија;
2. Трговски друштва и јавни претпријатија;
3. Фондации;
4. Други правни и физички лица, заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
7. Други извори.

V КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ

| датум | Настан/манифестација | Активности | Организација |
|---|---|---|---|
| 14 јануари | Локален обичај под | Плакати | Општина Делчево, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | маски Сурва | Поддршка за набавка на нови маски | организациски одбор во с. Ѕвегор |
| 4 февруари | Одбележување на раѓањето на Гоце Делчево | Положување свежо цвеќе реферат | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“ |
| Втората половина на месец февруари | Одбележување годишнина од Февруарскиот поход | Положување свежо цвеќе<br>Реферат<br>Планинарски марш | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Планинарски друштва |
| 1 април | Априлијада | Дефиле низ улиците на Делчево<br>Настап на поединечни и групни маски<br>Обезбедување озвучување и забава на летната сцена | Општина Делчево<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>Детска градинка „Весели цветови“ |
| 8 април | Меѓународен ден на Ромите | Прием кај градоначалникот;<br>Истакнување на ромското знаме пред Општина Делчево;<br>Ораторска вечер/дебата<br>Свечена програма<br>Доделување 3 награди на најдобри ученици Роми | Општина Делчево,<br>ООУ „Ванчо прке“<br>ООУ „СВ.Климент Охридски“<br>СОУ „М.М.Брицо“<br>НВО КХАМ |
| Велики четврток | Велигденска изложба | Поставување штандови;<br>Избор на најубави велигденски декорации;<br>Благодарници за учество;<br>Озвучување;<br>Програма на летната сцена | Општина Делчево,<br>Детска градинка „Весели цветови“<br>СОУ „М.М.Брицо“<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>ЈЛБ Илинден<br>НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“<br>Граѓански организации |
| 4 мај | Одбележување | Положување | Општина Делчево; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | годишнина од смртта на Гоце Делчев | свежо цвеќе; реферат | КУД „Гоце Делчев“ |
| 9 мај | Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа | Положување свежо цвеќе; Реферат; Активности на Советот на млади, Ученички парламенти | Општина Делчево; КУД „Гоце Делчев“ Совет на млади Ученички парламенти |
| Втора половина од месец мај | Одбележување годишнина од Разловечко востание | Положување свежо цвеќе; Културно-уметничка програма; Планинарски марш; Ручек за гости | Општина Делчево ПУ „Св.Климент Охридски“ во Разловци КУД „Гоце Делчев“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Планинарски друштва |
| 24 мај | Ден на сесловенските просветители | Организација на концерт; Изложба Промоција на книги | Општина Делчево ЈЛБ „Илинден“ НУЦК„Н.Ј.Вапцаров“ Образовни институции |
| 2 август | Одбележување годишнина од Илинденското востание | Положување свежо цвеќе Реферат Културно-уметничка програма кај манастирот „Свети Илија“ во с. Ѕвегор | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ МЗ на с. Ѕвегор |
| Јули/август | Делчевско лето | Целовечерни концерти, Изложби, Промоции на книги, Поддршка на млади автори и уметници | Општина Делчево ЈЛБ „Илинден“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ ГО-и, |
| 8 август | Голачки фолклорни средби | Листа на учесници на Меѓународниот фестивал Превоз на учесници Вечера, | Општина Делчево НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сместување делегации, Поставување штандови, | |
| Првата сабота во септември | Фестивал „Делчево-фест“ и Пијанечко-малешевска свадба | Поддршка на подоготовките на фестивалот, обезбедување подарок на младенците, Прием кај градоначалникот на младенците Ручек за сватовите, Сместување на делегации, Ручек за играорци. | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“ |
| 7 септември | Одбележување на Денот на ослободување на Делчево и Денот на ензависноста на РСМ | Положување свежо цвеќе, Реферат, Свечена седница на Советот, Концерт, Изложба, Промоција на книги | Општина Делчево, ЈЛБ „Илиднен“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ |
| Втора половина на септември | Пијанечки денови на сливата | Штандови за учесници за промоција на производи од слива Варење ракија од сливи, Варење мармалад и слатко Награди за учесници | Општина Делчево ЈЛБ „Илинден“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Образовни институции, Овоштари, Фирми |
| 11 октомври | Ден на востанието | Положување свежо цвеќе, реферат | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“ |
| 23 октомври | Ден на македонската револуционерна | Положување свежо цвеќе, | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | борба | реферат | |
| 20.12-20.12 | Новогодишна програма | Детска драмска претстава, Новогодишни и божиќни концерти Ликовни изложби, промоции | Општина Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ ЈЛБ „Илинден“ ГО-и |
| | | | |

VI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата за организирање настани и културни манифестации е Комисијата за организирање настани и културни манифестации на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-153/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01.2023 Претседател,
Делчево Гоце Попов ,с.р.

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 18. седница, одржана на ден 26.01.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2022 година на Општина Делчево

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2022 година на Општина Делчево

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 154/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01. 2023 г. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

5.

ПРОГРАМА
за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 година

I ВОВЕД

1. Појдовна основа на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево

Комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди и претставува континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, отчетноста и транспарентноста во работењето, Советот на Општина Делчево усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на комуникацијата со јавноста и промоција на Општина Делчево градена врз основа на Стратегијата за надворешна комуникација за периодот 2020-2024, усвоена на 34 Седница на Советот на Општина Делчево, јануари 2020 г (бр 09-51/1).

Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположливите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево.

Успешните практики на планот на комуникацијата со јавноста, како и лоцирањето на критичните точки, каде е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности. Токму поради комплексната природа на активностите во областа на односите со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.

Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013). Оваа Програма се повикува и на новата Стратегија за родова еднаквост 2023/2026 на Општина Делчево, усвоена на Советот на Општина Делчево.

## II ПРИНЦИПИ НА КОМУНИЦИРАЊЕ СО ЈАВНОСТА

1. Комуникација со јавноста заснована на активна транспарентност
   - **Активната транспарентност-** подразбира објавување информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Проактивното објавување информации опфаќа објавување на:

- Информации за регулативата и за одлуките на властите со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- Информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
- Информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- Информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни и согласно можностите да бидат разделени по пол и возрасни групи, како и редовно да се ажурираат.

Со објавување информации на проактивна основа, Општина Делчево ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за поодговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет;
- институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со коишто располага.
- се дава придонес во борбата со лажните вести- вистинска и точна информација наспроти лажните и непроверени информации;
- придонесува кон родово-одговорно буџетирање;
- отворено се поддржува борбата против корупцијата.
  - Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од Општина Делчево:

-се објаувaат информации за градоначалникот, секретатор на Општината и советниците во Советот заедно со нивните биографии;

- на веб-страницата да има посебен оддел за пристап до информации, кој ќе се наоѓа на основното мени, на почетната страница;

- на веб-страницата да има објавена листа на информации со кои располага институцијата;

- да се објавуваат прописи кои се однесуваат на надлежноста на Општината како имател на информации;

- да се објавуваат предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др.слични документи од надлежноста на Општината;

- Општината да објавува информации за своите надлежности;
- да е објавен Статутот наОпштината.
- објавување на сите тековни стратегии на Општината.
  - Активната транспаретност подразбира **пристап до информации за надлежноста и за услугите на Општината**. Тоа значи објавување на:

- службени гласници на Општината;

- дневните редови за седниците на Советот на Општината;
- одлуките на Советот на Општината;
- услугите што ги дава Општината;
- организациската структура (шема, органограм) на Општината;
- имињата на вработените/раководителите (со контакти);
- решенија во управна постапка;
- информативен билтен или друг облик на информирање.

➢ Буџетска и финансиска транспарентност се постигнува со објавување на:

- Буџетот на Општината;
- буџетски календар;
- завршна сметка на Буџетот;
- квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
- граѓански буџет;
- огласи за јавни набавки;
- тендерски документации за огласите;
- годишен план за јавни набавки за претстојната година;

- известувања за склучени договори од јавни набавки.

➢ Активната транспаретност, значи лесен и едноставен пристап до **информации за специфичните надлежности на општините** што значи објавување информации за:

- работата на органите на Општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;

- ГУП и ДУП-ови;

- урбанистичкото планирање (одобренија за градба);

- заштита на животнатасредина;
- локалниот економски развој;
- комуналните дејности;
- културата;
- спортот и рекреацијата;
- социјална заштита и заштита на деца;
- образованието;
- здравствената заштита;
- мерките за заштита и спасување на граѓаните;
- противпожарната заштита;
- надзорот на вршењето на работите од надлежност на Општината;
- стапката на данокот на имот што ја пропишува Општината;
- надоместокот за уредување градежно земјиште;
- еднакви можности на жените и мажите.

- Комуникацијата со јавноста што ќе ја спроведува Општина Делчево е составен дел од сите активности на Општината;
- Процесот на комуникација е јасен, разбирлив и родово сензитивен;
- Комуникацијата е навремена;

- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

## III ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел:

Редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница, односно жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.

Специфични цели:

1. Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;
2. Двонасочна комуникација -поголема вклученост на жените и мажите, девојчињата и момчињата во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
3. Развој на капацитетите-
   • Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација
   • Развој и унапредување на софтверот и хардверот (ИТ) на капацитетите
4. Комуницирањето во улога на промоција на Општина Делчево и нејзино активно вклучување во реализација на кампањи со цел подигање на јавната свест кај жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за поедини прашања во општеството;
   - Привлекување поголем број туристи и потенцијални инвеститори
   • Создавање нов и атрактивен промотивен материјал
   • Изработка на нови стратешки документи и обновување на старите

## IV АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Комуникацијата со јавноста е континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани и е еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди.

### 4.1 Родово разделени податоци

**4.2** А) Со цел да се добие слика и да се направи анализа и проценка на приоритетите на различните целни групи за 2022 г, спроведени се три анкетни прашалници во текот на 2022 година од каде, покрај другите податоци, го црпиме податокот за пол и возраст на читателите, посетителите на веб-страницата на Општина Делчево, како и од организираниот форум на заедницата за креирање на Буџетот за 2023 г., но и преку, средби со граѓаните, со месните и урбаните заедници, јавни расправи, но и преку електронска комуникација и други алатки.

Во текот на 2022 г. преку општинската веб-страница се спроведени анкети на кои учествувале 125 граѓани:

1. Анкетен прашалник за проверка на квалитетот на веб-страницата на Општина Делчево;
2. Анкетен прашалник за мерење на задоволството од услугите на Општина Делчево;
3. Анкетен прашалник за собирање предлози за Буџетот на ЕЛС Делчево за 2023 година.

На анкетниот прашалник за проверка на квалитетот на услугите на Општина Делчево, 51,1% одговориле жени; На анкетниот прашалник за проверка на квалитетот на веб-страницата дури 66,7% од анкетираните се жени, додека на анкетниот прашалник за собирање предлози за Буџетот на ЕЛС Делчево за 2023 од одговориле 47,6% жени, а 52,4% мажи.

Согласно со податоците од анкетниот прашалник, веб-страницата на Општина Делчево ја читаат повеќе жени, односно 66,7% од читателите се жени. Најчеста возраст на читателите е 35-55 години, односно оваа возрасна група граѓани најчесто ја посетува веб-страницата, или процентот е 68,4%, додека помладата популација под 18 години, воопшто, и не ја отвора веб-страницата. Секојдневно ја посетуваат веб-страницата 56 ,1 % од анкетираните, а најчесто ги читаат актуелните новости, јавните набавки, информациите за Советот. Нивото на прегледност на веб-страницата е оценето со високо ниво на прегледност (одговор од 68,4%), а за 71,9% испитаници пристапноста на страницата е задоволителна, за 78,9% ги исполнува очекувањата за отчетност и интегритет, за 71,4% ги исполнува очекувањата за буџетска и финансиска транспарентност. Анкетираните бараат повеќе податоци од обласста наплата на даноци, месечни извештаи за трошењето на буџетските средства, повеќе информации за граѓанскиот сектор.

Б) До Општина Делчево во текот на 2022 г, се доставени 32 барања за информации од јавен карактер на кои е одговорено во законски предвидениот рок. Од нив, 11 баратели се мажи, а 6 се жени, постанатите 15 се правни лица.

В) На Форумот на заедницата организиран за креирање на Буџетот за 2023 година, учествуваа 43 граѓани од нив 23 се жени, а 20 мажи со што повторно се потврдува фактот за поголем интерес на жените од мажите во процесот на донесување одлуки на локално ниво и поголем интерес за вклучување во активностите на општината.

Г) Пријави проблем/прашања до градоначалник и општина- 26 граѓани пријавиле проблеми. Од нив 17 се мажи и 9 се жени. Факт што несомнено потврдува дека мажите се поактивни во пријавување на проблемите посебно од аспект на инфраструктура, како носители на сопственоста.

Д) Согласно евиденцијата на Секторот за финансии и буџет на Општина Делчево, во Општина Делчево има 6.100 даночни обврзници/сопственици на имот, од нив 1.594 се жени сопственици на имот, или 26,13%.

Ѓ) Од 27 месни и урбани заедници во Општината, сите активни членови на урбаните и месните заедници во Општина Делчево се мажи. При формирање на новиот состав на месните и урбаните заедници потребно е да се анимираат жените во Општина Делчево да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, како основна клетка за детекција на проблемите и решавање на приоритетите во општината.

4.3 Анализа на извештаи од национални и меѓународни организации

Транспарентноста и отчетноста на Општина Делчево преку веб-страницата за 2022 г. беше цел на анализи и истражувања од повеќе релевантни институции. Овде ќе ги споменеме:

А) Извештај од Центарот за граѓански комуникации:

Активната транспарентност на Општина Делчево во 2022 година изнесува 88,6 % (од можни 100 %) со што Општина Делчево трета година по ред се пласира во групата институции со ʼмногу добраʻ активна транспарентност што значи исполнување на обврските од 80 % до 100 %. Со овие бодови, општината се наоѓа на 23-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина по транспарентност во Источниот регион.

Ова е нотирано од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини. Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата ʼмногу добраʻ, оние со 60-80% во групата ʼдобраʻ, институциите со 40-60% исполнетост во групата ʼпросечнаʻ, од 20-40% исполнетост во групата ʼслабаʻ и од 0-20% во групата ʼмногу слабаʻ активна транспарентност.

Б) Проценка на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во РСМ преку индексот на отвореност –мерење за 2022 г.

Општина Делчево е на петтата позиција според Индексот на отвореност на општините во Република Северна Македонија за 2022 г. што е подобрување за 4 позиции или 16 % во споредба со минатата година. Со оствареност од 52% од обврските, Делчево заедно со Кочани и Велес ја делат 5-та позиција од сите 80 општини и Градот Скопје, според мерењата и резултатите од Проценката на состојбата за добро владеење преку Индексот на отвореност спроведени од Фондацијата „Метаморфозис“.

Индексот на отвореност покажува дека во мерењето за 2022 година најдобри резултати имаат општините Валандово (62 %), Прилеп (59 %), Битола (57 %), Охрид (54 %), Кочани (52 %) како и Велес и Делчево, Демир Хисар и Крушево (50 %) и Василево (47 %), додека најниско се рангирани Долнени (9 %), Врапчиште (8 %), Карбинци (7 %), Бутел (6 %), Сопиште (5 %), Арачиново и Зелениково (3 %) и општина Кривогаштани со 0 %. Проценката е резултат на сеопфатно емпириско истражување засновано врз Индексот на отвореност, чија цел е да се утврди степенот до кој се почитуваат принципите на доброто владеење во локалните самоуправи. Трудот дава длабинска анализа на работата на локалните самоуправи во Република Северна Македонија, но и препораки за подобрување.

Г) Даночна и фискална транспарентност на општините- спроведен од ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА), индексот за буџетска транспарентност на Општина Делчево за 2021/22 изнесува 14 поени или Општина Делчево е во топ 14 општини по буџетска транспарентност или на високо 8 место иима подобрување за еден индексен поен во споредба со минатата година. Според оваа анализа, интензитетот на **даночна транспарентност на општинската веб-страница** е со оценка ‘висок степен’ на даночна транспарентност со оствареност од 55%. Со цел подобрување на оваа состојба веќе се

работи со ЦЕА на проект за подобрување на даночната транспарентност, при што се одржаа и форуми на заедниците, на веб-страницата се поставени основни податоци за сите видови даноци.

Овие се дел од анализите кои потврдуваат дека на полето на отчетноста и транспарентноста, Општина Делчево е на вистинскиот пат, но, останува заложбата и наредната година да се подобри нивото на транспарентност и отчетност како основна алатка за борба против корупцијата.

### 4.3 Трендови

Трендовите во државава се во насока на подобрување на транспареноста и отчетноста на институции и имплементирање на европските стандарди на ова поле. Следејќи ги трендовите, но и насоките од надлежните институции, со цел унапредување на транспарентноста на веб-страницата, тековната 2023 година ќе се имплементира Кодексот за транспарентност на локално ниво од Министерството за локална самоуправа, со што актуелната веб-страница ќе биде прилагодена согласно со одредбите што ги содржи Кодексот, а се во насока на унифицирање на веб-страниците на сите општини.

Воедно, потребно е анимирање на жените и мажите во општината за поголемо учество во донесувањето одлуки на локално ниво, учество на форумите, анкетите за собирање мислења и други алатки кои ги нуди Општина Делчево. Активностите предвидени во Програмата даваат поволни услови за остварување на овие цели.

## V АКТИВНОСТИ

А) Специфичната цел 1: Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, ќе се преземат следниве активности:

1. Редовно и навремено информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево за работењето на Општината (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година. Целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

2. Зголемување на информираноста на мажите и жените, момчињата и девојчињата од руралните и урбаните средини преку подобрување на директната комуникација.

- развој на постоечки и креирање нови алатки за комуникација за различни целни групи ( жените и мажите, девојчињата и момчињата, возрасни групи, етнички заедници, маргинализирани групи);
- отворени денови на општината;
- испитувања на јавното мислење преку теренски и онлајн- анкети;

3.Унапредување на формите и начините на комуникација со медиумите заради подигање на нивото на информираност

- список со теми со кои ќе се иницираат новинарите
- изработка на календар за брифинзи, пресови
- редовен прес- клипинг

- воспоставување контакти со нови новинари/ки и медиуми

Б) Специфична цел 2: Двонасочна комуникација

1.Вклучување на граѓаните во процеси на донесување одлуки на локално ниво

- најава и повик за учество на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината на отворени и транспарентни седници на Совет;
- пренос на седниците во живо преку социјални медиуми;
- организирање родово буџетски форуми на заедниците за утврдување граѓански приоритети:
  - Поттикнување на жените и мажите, жители на Општината за учество во креирањето на Буџетот- значи навремено информирање, заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.
  - Поттикнување на поголема вклученост на жените и мажите во донесување стратешки документи – ваквата активност дава простор за демократизација, чувство на граѓаните дека се активен сегмент во општествените процеси со право и можност да влијаат при создавањето на суштинските документи, програми, планови, одлуки и др. во кои ќе се адресираат соодветно потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината. Информациите во форма на повици ќе бидат упатувани пред процесите на креирање.
- Подигање на свеста и информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за даночните обврски кон Општината – ваквата активност значи редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските. Пренесувањето на овие информации ќе се врши со помош на електронските алатки и наменски информативни летоци. Во соработка со донатори, Општина Делчево планира инсталирање посебен софтвер за е-даноци со што значително ќе се зајакне даночната транспарентност.
  - Развивање механизми и алатки за двонасочна комуникација (можност за достава на граѓански иницијативи и предлози (електронски/лично);
  - Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, лица со посебни потреби, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна.

В) Специфична цел 3: Развој на капацитетите:

1. Подобрена внатрешна комуникација во администрацијата на Општината. Комуницирањето внатре, во Единицата на локалната самоуправа, по хоризонтала и по вертикала ќе биде секојдневно, по одредени или пропишани постапки и

процедури, а во најголема мерка со помош на електронски алатки или директна комуникација и одржување стручни колегиуми.

2. Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација:
   - подготовка на план за спроведување едукации/ работилници/трибини за лицата задолжени за ОЈ во општината и локалните институции
   - следење иновативни решенија и трендови во областа ОЈ
   - партнерства со агенции, институции и организации
3. **Имплементација на Кодексот за транспарентност на општините изработен од Министерството за локална самоуправа** –со цел унифицирање на веб-страниците на општините, Министерството за локална самоуправа со поддршка на УСАИД изработи Кодекс за транспарентност и отчетност кој ќе биде дел од од новите законски измени на Законот за локална самоуправапредвиден за наредната 2023 г. Општина Делчево има обврска наредниот период да го искористи за адаптација и имплементација на Кодексот.

Г) Специфичната цел бр. 4 –Комуникација во улога на промоција

**Оваа специфична цел** се однесува на комуникација во улога на **промоција** на Општина Делчево, односно промоција во севкупна смисла на надлежностите на ЕЛС. Целта на оваа Програма е да обезбеди плански пристап во организирањето и спроведувањето кампањи за промоција на Општина Делчево во текот на 2023 година. Секоја кампања, поради природата на проблемот или темата што ја третира, бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за Општината и услугите со кои Општината може да им помогне. Вклучувањето на промоцијата во буџетското планирање, овозможува достигнување конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница. Промоцијата, исто така, овозможува интензивна соработка и размена на идеи сожените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор што е уште една придобивка за Општина Делчево.

1. Организирање настани, кампањи, манифестации за промоција на добра и вредности

- Подготовка и реализација на Кампања **„Заедно до поубаво Делчево**"- Кампањата ќе се реализира во текот на целата година. Целта на оваа кампања е да се промовира индивидуалниот придонес за разубавување на градот, а Општината да го вреднува нивниот труд. Во рамките на кампањата се предвидени следните активности:

  -**„Избор на најубаво уреден двор во Делчево"** (обезбедување награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радиоспот);

  -активности за **јакнење на волонтеризмот**- како форма со која се поттикнува волонтеризмот кај младите за реализација на активности (за разубавување на градот, санирање на оштетена урбана опрема, бојадисување огради, клупи и сл.) со цел секој да даде свој придонес во зачувување на јавното добро и да се промовира општествена одговорност.

  -**организирање екоакции**-со цел подигање на јавната свест кај граѓаните за чиста и здрава животна средина.

2. Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на ур**банизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната**

**средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината** и сл. Активностите планирани во овој дел ќе се реализираат во текот на целата календарска година.
- Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Делчево /електронска верзија -извештај за работата на Општината- **транспарентност и отчетност**
-Активности по **повод 5 Март, Ден на енергетската ефикасност** (Промоција на новата Стратегија за енергетска ефикасност, изработка видеоматеријал, пласирање информации за значењето на енергетската ефикасност, практикување енергетска ефикасност во јавните институции во Делчево).
-Одбележување на **Светскиот ден на водите 22 Март** - Како Општина во која се спроведува големиот проект „Водоснабдување на Делчево“ (проект поддржан од Швајцарската Конфедерација и Министерството за животна средина на РСМ) ќе се спроведе кампања која ќе има за цел да се истакне значењето на водата и нашата обврска за рационално користење. Се планираат неколку активности, како квиз, спортски натпревари, предавања, изработка на рекламен материјал и сл, а ќе бидат вклучени ученици од основните училишта, професори и сл.

-Промотивни активности и екоакции: **Генералка викенд** која ќе се одржи од 12-14. мај 2023 година во повеќе од 45 општини (изработка на флаери, соопштенија, прес-конференции); чистење диви депонии, активности поврзани со заштитата на амбиенталниот воздух и укажување на штетноста од користење разни средства и материјали како огревни средства; промотивни активности поврзани со селектирање на отпадот и др.
-Промотивни активности за **поголема безбедност во сообраќајот**-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево, а ќе се спроведуваат во текот на целата календарска година. Планирани се соопштенија, прес-конференции, изработка на флаери и др. промотивен материјал. Целта е да се подигне јавната свест во делот на безбедното и одговорно учество во сообраќајот.
-Организирање промотивен настан **Бизнис-форум**- презентација на потенцијалите за развој на Општина Делчево пред бизнис-заедницата од Делчево, но и од цела држава, како и од соседните држави, иселениците и сл.а. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, исто така, ќе се одржат и прес-конференции, јавноста ќе се анимира и со давање изјави и со соопштенија до медиумите и на општинската веб-страница. Активностите за оваа промотивна активност се планирани да се реализираат во текот на август.
-Организирање кампања **„Денови на хуманост**“ по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби. Кампањата е со цел да се подигне свеста кај граѓаните за потребите од инклузивност на лицата во општеството, но и да се промовира филантропијата како алатка за општествената одговорност на претпријатијата. Во рамките на кампањата ќе се реализира повеќе активности со кои ќе се овозможи инклузивност на лицата со попреченост: ликовна колонија, продажна изложба, детски претстави, спортски натпревари и сл. Вентралниот настан ќе се организира на 3 Декември. Кампањата ќе се реализира во соработка со локалните образовни институции, НУЦК „Н. Ј.

Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, НВО-сектор и Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, а ќе се одржат и прес-конференции.

-Активности поврзани со **буџетската транспарентност-** Организација на форуми на граѓаните за изработка на Буџетот на Општина Делчево, вклучувајќи и родово одговорно буџетирање. Подготовка на пропаганден материјал, прес-конференции, соопштенија, изработка на граѓански буџет и негово популаризирање во медиумите и на општинската веб-страница. Објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл. Активностите ќе се реализираат во текот на целата година.

-Промоција на активностите за **родова еднаквост на Општина Делчево.** Организирање прес-конференции, изјави, информации, соопштенија, трибини, јавни дебати и користење други медиумски алатки со цел информирање на јавноста за значењето на родовата еднаквост. Теми: Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница; Влијанието на климатски промени и енергетската криза врз квалитетот на животот на жените и мажите; Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство; Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.)

-Промоција на активностите на Советот на млади на Општина Делчево.

-Учество на Општина Делчево во активности и кампањи организирани од граѓанските организации.

Треба да се има предвид дека листата на активности сублимирани во поимот „промоција" зависат од многу фактори, како на пример, од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на Програмата. Овој дел од Програмата ќе се работи во партнерство со други локални институции, бзинис-секторот и НВО-секторот.

## VI ЦЕЛНИ ГРУПИ

**Општината секогаш ќе ги зема предвид спецификите на секоја од целните јавности: навиките на информирање, јазикот и начинот на обраќање, потребите и интересите и сл.**

Целни групи:

1. Жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на на Општина Делчево;
2. Урбани и месни заедници;
3. Медиуми (локални, регионални и национални);
4. Бизнис-заедница;
5. Општинска администрација;
6. Земјоделци;
7. Потенцијални инвеститори;

8. Туристички организации;
9. Невработени;
10. Граѓански сектор;
11. Студенти и ученици;
12. Донатори;
13. Маргинализирани групи;
14. Институции;
15. Поширокста јавност и др.

## VII КАНАЛИ И АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Со цел да оствари редовна и непречена комуникација, Општина Делчево во 2023 година, а во време на дигитална ера, ќе се фокусира на новите, современи електронски средства за информирање кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите. Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Делчево ќе ги користи и основните, веќе постојни канали за комуникација:

1.Традиционални и нови медиуми

Општина Делчево како свои канали за комуникација ќе ги користи локалните и регионални медиуми, дописниците на националните медиуми, медиумите што ја покриваат териоторијата на целата држава (телевизии и радиостаници со национална концесија, дневни весници, магазини и др.), информативни портали, социјални мрежи и др. Како алатки за комуникација со новинарите и медиумите ќе користи: прес-конференции, изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, брифинзи за новинари, огласување, снимки од седниците на Советот на Општина Делчево.

2. Печатени материјали: општински весник, отчет, публикации, извештаи, летоци, брошури, плакати.
3. Електронски средства: веб-страница на Општина Делчево, фејсбук-страница и фејсбук-профил на Општината, е-пошта или е-известувања, е-изданија.
4. Директни контакти: средби и состаноци со градоначалникот и општинската администрација, јавни расправи, собири (преку месните и урбаните заедници), дебати, настани (свечености).
5. Други канали: огласна табла, сандаче за поплаки, пофалби и предлози, промотивни материјали.

За остварување на внатрешната комуникација ќе се користи:

1. Лична комуникација: колегиуми, состаноци на ниво на сектори и одделенија, состаноци меѓу сектори и одделенија, состаноци 'еден на еден', друштвени собири (забави, прослави, награди и признанија и сл.), состаноци на сите вработени.
2. Писмена комуникација: општинско гласило, огласна табла.
3. Електронска пошта
4. Споделени ресурси на интерна мрежа

## VIII Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. област на делување- Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерки | Активности | Индикатори | Одговорни лица | Буџет и временска рамка |
| Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др. | Континуиран и систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите.<br><br>--редовно месечно издание на е-општински информатор „Инфо Делчево“ | -Број на објавени објави;<br><br>-Број на посети на веб-страницата<br><br>-Број на посети на фб-страницата на градоначалник<br><br>-Број на посети на фб-страницата на Општина Делчево<br><br>-Број на коментари и реакции на фб страницата на градоначалник и на Општина Делчево;<br><br>-Број на мажи и жени кои реагирале или коментирале на објавите на фб страницата на Општина Делчево и на градоначалник. | Лице за односи со јавноста ИТ-лице | Континуирано во текот на 2023 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Број на објавени информации по медиумите<br>-број на е-изданија на општински информатор „Инфо Делчево“ | | |
| 2.Зголемување на информираноста на граѓаните од руралните и урбаните средини преку подобрување на директната комуникација | 1.развој на постоечки и креирање нови алатки за комуникација за различни целни групи;<br>____________________<br>2.отворени денови на општината;<br>____________________ | 1.Број на развиени алатки.<br>______________<br>2. број на организирани отворени денови на општината;<br>-број на мажи и жени присутни на отворените денови<br>______________ | ИТ-лица,<br>лице за односи со јавноста,<br>раководни лица од секторите и одделенијата на Општина Делчево | 1.континуирано 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.испитувања на јавното мислење преку теренски и онлајн-анкети;<br>________________________<br>4.неделни состаноци со вработените од секторите за координација околу активности и новитети и постојана комуникација со претставнции од месните заедници. | 3.Број на организирани јавни или теренски анкети<br>-број на анкетирани граѓани-мажи и жени<br>______________<br>4. број на организирани состаноци<br>-број на присутни мажи и жени на состаноците | | |
| 3.Унапредување на формите и начините на комуникација со медиумите заради подигање на нивото на информираност | -список со теми со кои ќе се иницираат новинарите<br>-изработка на календар за брифинзи, пресови<br>-редовен прес- клипинг<br>-воспоставување контакти со нови новинари и медиуми | -Број на теми<br>-број на одржани брифинзи и пресови<br>-Број на присутни новинари и новинарки<br>- број контакти со нови медиуми и новинари<br>-број на објавени изданија на е- | -Лице за односи со јавноста<br>-ИТ-лице | континуир ано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | информатор<br>„Инфо<br>Делчево“ | | |

| 2. Област Двонасочна комуникација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Мерки | Индикатори | Одговорни лица | Буџет/рок на реализација |
| 1.Вклучување на граѓаните во процеси на донесување одлуки на локално ниво | 1.најава и повик за учество на граѓаните на отворени и транспарентни седници на Совет<br><br>2.пренос на седниците во живо преку социјални медиуми<br>____________________<br>3.организирање форуми на заедниците за утврдување граѓански приоритети: | 1.Број на најави за седници на Совет<br><br>2.Број на седници во живо<br>________________<br>3.број на организирани форуми на заедницата<br>-број на мажи и жени учесници на форуми<br>-Број на приоритети од мажи и од жени | Раководни лица од Општина Делчево<br>-лице за односи со јавноста<br>-ИТ-лице | 1.континуирано во текот на 2023г.<br><br>2.континуирано во текот на годината/ 30.000 ден за пренос на седници во живо<br>_____________ |
| 2.Подигање свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон Општината | -редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за | 1.Број на објавени информации<br>2.број на механизми за двонасочна комуникација<br>3. број на одржани информативни | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | плаќање на обврските.<br>-развивање механизми за двонасочна комуникација (можност за достава на граѓански иницијативи и предлози (електронски/лично) | средби со посебни целни групи<br>-број на присутни мажи и жени на информативните средби | | |
| 3. Одржување информативни средби со посебни целни групи | - директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, хендикепирани лица, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. | -Број на одржани информативни средби<br>-број на учесници-мажи/жени | | |

| 3. Област-Развој на капацитетите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерки | Активности | Индикатори | Одговорни лица | Буџет/временски рок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во Општината. | -преку електронски алатки или директна комуникација и одржување стручни колегиуми. | -Број на одржани состаноци,<br>-број на присутни-мажи/жени | Градоначалник, секретар, раководители, лице за односи со јавноста | Континуирано во текот на 2023 г. |
| 2. Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација: | - подготовка на план за спроведување едукации/ работилници/трибини за лицата задолжени за ОЈ во општината и локалните институции<br>-следење иновативни решенија и трендови во областа ОЈ,<br>партнерства со агенции, институции и организации. | -број на организирани обуки<br>-број на обучени административни работници-мажи/жени | -лице за односи со јавноста, лице задолжени занинформации од јавен карактер<br>-ит-лице | Континуирано во 2023 |
| 3.Имплементација на Кодексот за транспарентност на општините изработен од Министерството за локална самоуправа | -Активности за адаптација на веб-страницата на Општина Делчево согласно со препораките од Кодексот за транспарентност на општините. | -Број на извршени измени и прилагодувања<br>-Подобрена веб-тсранспареност на Општина Делчево | -ит-лица во Општина Делчево<br>-одговорно службено лице | Првите 6 месеци од 2023 г. |

4. Област: Комуникација во улога на промоција

| Мерки | Активности | Индикатори | Одговорни лица | Буџет/ временски рок |
|---|---|---|---|---|
| 1.Кампања „Заедно до поубаво Делчево | 1.Избор на најубаво уреден двор во Делчево"<br>________________<br>2.Јакнење на волонтеризмот<br>________________<br>3.организирање еколошки акции | 1.Број на пријавени кандидати/мажи и жени за учество на Конкурсот<br>-наградении дворови (сопственици мажи/жени)<br>_____________–<br>2. број на вололнетри/ момчиња/девојчиња волонтери<br>-број на активности<br>_____________–<br>3.број на организирани екоакции<br>-број на учесници на акциите- мажи/жени<br>-број на објавени информации<br>-број на прочитани објави- мажи/жени | 1.Комисија за избор на најубаво уреден двор, лице за односи со јавноста, ИТ-лице<br>__________<br>2.одговорно лице од општината<br>__________<br>3.одговорни лица, лице за односи со јавноста, ИТ-лице | 1.Континуирано во текот на 2023<br>(избор на дворови- мај-август) буџет: 25.000 ден за награди)<br>__________<br>2.Континуирано во текот на 2023<br>__________<br>3.Континуирано во текот на 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на урбанизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината | 1.Промотивен материјал/електронска верзија извештај за работата на Општината-транспарентност и отчетност<br>-------------------------<br>2.Промоција на Стратегијата за енергетска ефикасност на Општина Делчево ( по повод 5 Март-ден ан енергетската ефикасност).<br>3.Светскиот ден на водите 22 Март4.поголема безбедност во сообраќајот-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево.<br>5.Бизнис-форум-презентација на потенцијалите за развој на Општина Делчево пред бизнис-заедницата од Делчево, но и од | -број на читатели(мажи/жени)<br>- број на коментари<br>-бр. на објави<br>---------------------<br>2.број на објави<br>-број на прочитани објави и коментари – мажи/жени<br>3.број на објави<br>4.број на организирани кампањи<br>-број на учесници во кампањите-мажи/жени<br>-број на објавени информации | Одговорни лица по сектори и одделенија во Општината<br>-лице за односи со јавноста;<br>-ИТ-лице во Општината<br>----------------<br>3.одговорни лица од ЈКП „Брегалница“ и Општина Делчево;лице за односи со јавноста;ит-лице од Општината<br>4. одговрни лица од Сектор за урбанизам и | Континуирано во текот на 2023/печатење промотивни материјали-10.000 ден.<br>------------<br>2.Ден на енергетската ефикасност/ 5 Март 2023<br>3.Светски ден на водите/22 Март<br>4.континуирано во текот на 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | цела држава, како и од соседните држави, иселениците и сл.<br>6.Кампања **„Денови на хуманост"**:ликовна колонија, продажна изложба, детски претстави, спортски натпревари и сл. материјал. -<br>7.**буџетската транспарентнот-буџетски форуми;**<br>-граѓански буџет<br>-објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл.-<br>8.Промоција на активностите за **родова еднаквост на Општина Делчево.**<br>**9.активности поврзани со работата на Советот на млади** | **Број на читатели-мажи/жени**<br>**5.број на организирани презентации**<br>**-број на учесници-мажи/жени**<br>**6.Број на учесници на настани-мажи/жени**<br>**-------------------**<br>**7.број на присутни граѓани на форумите/мажи/жени**<br>**-број на предложени приоритети од мажи и жени**<br>**8.број на активности/кампањи**<br>**-број на учесници на настани-мажи/жени**<br>**9.број на настани**<br>**-број на учесници-мажи/жени** | **ОСБСП,лице за односи со јавноста,ИТ-лице**<br>**5.Одговорни лица од ЛЕР,градоначалник, секретар, лице за односи со јавност,ит-лице**<br>**6.**локалните образовни институции, НУЦК „Н. Ј. Вапцаров", ЈЛБ „Илинден", НВО-сектор, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, лице за односи со јавност и ит-лице од Општина Делчево<br>**7.одговорни лица од Сектор за финансии, од ЛЕР, градоначалник.секретар,лице за односи со јавноста, ит-лице**<br>**8. КЕМ, координатор** | **5.јули/август 2023**<br>**Промотивен материјал 15.000 ден**<br>**6. Меѓународен ден на лица со хендикеп-3 Декември**<br>**7.ноември/декември 2023**<br>**8.континуирано во 2023**<br>**9.континуирано 2023** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | за еднакви можности,општ.админситрација, НВО-сектор<br><br>9.членови на Советот на млади,одговорно лице за млади од Општ.,лице за односи со јавноста, ит-лице | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

## IX ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 г.

За активностите за реализација на Програмата за промоција и комуникација во 2023 година се планирани финансиски средства од програмите во Буџетот на Општина Делчево.

За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки и технички ресурси, средства од донатори, НВО-секторот, институции и сл. Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација ќе биде потребно да се алоцираат и ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| Реден број | Активности | Планирани средства во денари |
|---|---|---|
| /// | ////////////////////////////////////// | |
| 1. | Печатење материјали, брошури, билборди | 25.000,00 |
| 2. | Награди за најубав двор | 25.000,00 |
| 3. | Договор за пренос на седници на Советот | 30.000.00 |
| Вкупно | | 80.000,00 |

## X СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот.

Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за комуникација со јавноста за 2023 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево, одговорното лице за односи со јавност и ИТ-лицата (администратори) во Општината.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Исто така, евалуација врз реализацијата на Програмата, ќе врши Здружението на граѓани „Регионален центар за застапување“ Делчево- со чија поддршка беше изработен и првиот стратешки документ на Општина Делчево, Стратегија за надворешна комуникација 2021-24 г. Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и

одржливоста ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата.

На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| -Број на објавени информации и соопштенија<br>-Број на објавени документи<br>-број на посетители на веб-страницата<br>-број на анкетирани (мажи и жени)<br>-број на учесници ја јавни расправи и форуми (Мажи, жени)<br>-број на настани (комуникација во улога на промоција)<br>-број на кампањи,<br>-број на директни средби со целни групи<br>-Број на објавени е-информатор „Инфо Делчево“<br>-број на објави во меидуми за Општина | -Податоци од веб-страницата<br>-листа на присутни и записници од форумите и јавните презентации и средби,<br>-извештај за резултати од анкетни прашалници<br>-аудио и видеозапис | Квалитативна,<br><br>квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани; Мапирање резултати; Дневна мониторинг алатка; Напатствие за набљудување. | Мониторинг-месечно Евалуација-на крајот од годината | Секретар на Општина, ИТ-лице (админситратор) и лице за односи со јавност и НВО Регионален центар за застапување. |

| Делчево. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|

XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-155/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01.2023 Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**6.**Врз основа на член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РСМ“ бр.104/2019, 156/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022 и 273/2022) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 18. седница, одржана на ден 26.01.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на
Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година бр.08-74/1 од 13.01.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 156 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01. 2023 г. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов .с.р.

**7.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 18. редовна седница, одржана на ден 26.01. 2023 година, го дава следното

МИСЛЕЊЕ
на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија
низ РМ за ученици од трето одделение
при ООУ „Ванчо Прке – Делчево

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на еднодневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке“–Делчево бр.10-482/1 од 28.10.2022.

2 Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево.

Број 09-157/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.01 .2023 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов

8.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 18. редовна седница, одржана на ден 26.01.2023 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од шесто одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на дводневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке“–Делчево бр.10-483/1 од 28.10.2022.

2. Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево.

**Број 09-158/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.01.2023 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**9.**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 18. редовна седница, одржана на ден 26.01.2023 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на тридневна ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од деветто одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на тридневна ученичка екскурзија низ РМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке“–Делчево бр.10-486/1 од 28.10.2022.

2. Мислењето да се достави до Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево.

**Број 09-159/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.01 .2023 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов, с.р.**

**10.** Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ 15/2015, 98/15, 193/15, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ 275/2019, 90/2020), а во врска со член 36 од Законот за локална

самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 15/2013), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 26.01.2023 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година

## ПРАВЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2023 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.Просторот -локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура
4.Извори на финансирање на Програмата
5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба
6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)
7.Динамика на извршување на Програмата
8.Останати активности

## 1.Просторот – локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма

Во текот на 2023 година во градот Делчево ќе се врши уредување на градежното земјиште со делумно уредување – основен степен на уредување под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација, а на следните локалитети:

а) Населба „Милково Брдо“
б) Населба „Ново Делчево“
в) Локалитет „Шумски расадник“
г) Населба „Станбена зона“ до Спортско рекреативен центар
д) Населба „Звегорска река“
ѓ) Локалитет „Стрелиште“ и „Стар монопол“
е) Локалитет „Стара партизанка“ и „Пекара“
ж) Населба „Старо Делчево“
з) Населба „Стар расадник“ и „Д2“
ѕ) Населба „Басарица“
и) Населба „Пролет“
ј) Локалитет „Индустриска зона“ и „Сервисна зона“
к) Локалитет „Стопански комплекс“
л) Населба „Грамадна“
љ) Цнтрално градско подрачје и урбана единица „2„-дел од блок 2.2
м) Туристичко рекреативен центар Голак
н) Локалитети и селски населби надвор од плански опфат.

2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура

Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со делумно уредување со изведување на следните работи и по локалитети: Изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари без асфалт), изведување на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа и улично осветлување, за приклучоци до градежната парцела (не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот).

3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура

а) Локалитет **„Милково брдо“** во Делчево

Во текот на 2023 година на локалитетот „Милково Брдо“ предвидено е да се работат следните активности:

- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Реконструкција на дел од водоводна мрежа и промена на азбестни цевки
- Изградба на пристапни патеки и партерно уредување на локации со пристап на улица Питу Гули и локација со пристап на улица Пере Тошев;
- Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
- Реконструкција на улиците Велко Влаховиќ и Пере Тошев;
- Уредување и одржување на паркови и зеленила
- Јавно осветлување на дел од улица Булевар Македонија
- Реконструкција на дел од улица Булевар Македонија
- Осветлување на паркингот кај Здравствен дом Гоце Делчев;

б)Населба **„Ново Делчево“** во Делчево

Во текот на 2023 година на овие локалитети ќе се работи на следните активности:

- Доградба на улично осветлување (на мост на ул.Кеј на ослободување, кај пензионерски дом)
- Проширување на мост (пропуст) на река Габровчица на ул.„Кеј на Ослободување“.
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Реконструкција на дел од водоводната мрежа со промена на азбестните цевки
- Уредување и одржување на паркови и зеленила
- Изградба на крак од ул.Орце Николов
- Изградба на ул.Орце Николов со краци во Шумски расадник
- Прочистување на река Габровчица
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево возводно од регулираното корито во должина од 500 м;
- Реконструкција на бунари за вода за пиење во Бунарското поле
- Изградба на скејт парк

в)Локалитет **„Шумски расадник“** во Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Експропријација за изградба на дел ул.„Орце Николов“ со краци во локалитет Шумски Расадник
- Изградба на дел од улица Орце Николов со краци;

г)Населба **“Станбена зона“** до Спортско Рекреативен Центар

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Пробивање и изградба на ул.5 и ул.6
- Дорадба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализациона мрежа
- Издвојување на фекалната од атмосферската канализација;

д)Населба **„Звегорска река“**

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Довршување на канализација покрај рег.пат Делчево-Берово
- Изградба на улици во населба Звегорска река
- Редовно одржување на уличното осветлување

ѓ)Населба **„Стар Монопол“** и **„Стрелиште“**

Во текот на 2023 година на овие локалитети ќе се работи на следните активности:

- Доградба на канализациона мрежа
- Доградба на осветлување (улица Маршал Тито и др.)
- Изградба на улици
- Изградба на тротоар на улица Маршал Тито кон Чифлички пат
- Обезбедување на техничка документација и експропријација за изградба на ул.Петрашевска

е)Населба **„Стара Партизанка“** и **„Пекара“** -Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна линија
- Доградба на фекална канализација
- Пробивање и тампонирање на улица Крушевска

ж)Спортско рекреативен центар Голак

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изработка на проектна документација за водоснабдување,
- Поставување на урбана опрема

з)Населба **„Старо Делчево“** (I, II и III-ти реон) во Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Довршување на улица Плачковица на м.в.Чуката со краци
- Изградба на пристапни патеки
- Изградба на улица Разловечка лев крак
- Изградба на канализациони линии

- Поставување на огради и ракофати на скали и други места каде има
Потреба како и поправка на скали

- Канализирање на Пустевски ендек и редовно прочистување;
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Канал за одведување на атмосферска вода од ул.Илинденска во Пустевски андак
- Уредување на простори за детски и спортски игралишта
- Реконструкција на дел од главен доводен цевковод;
- Реконструкција на резервоар за вода за пиење за град Делчево на локација м.в.Чуката во Делчево;
- Обезбедедување на техничка документација за реконструкција на улиците „Солунска“, „Јане Сандански“, „Голачка“ и „Иво Лола Рибар“
- Дополнување на уличното осветлување (ул.Маршал Тито кон Стрелиште и др.)
- Нивелирање на шахти и сливни решетки за атмосферска канализација
- Реконструкција на улица Ванчо Прќе
- Редовно одржување на јавните површини покрај улица „Кеј на Брегалница“
- Реконструкција на водоводна мрежа со промена на азбестните цевки
- Поставување на решетки за прибирање на атмосферски води
- Реконструкција на објект за потребите на заедницата на улица Илинденска (НВО, УЗ, едукации за млади, итн.)

s)Населба **„Стар расадник“**

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Пробивање и тампонирање на улици и краци
- Изградба и доградба на фекална канализација
- Изградба на инфраструктура на улица „Грозданец“
- Продлжување на улица „Видое Смилевски Бато“
- Осветлување на темните места во Стар расадник и улица Маршал Тито до градските гробишта;
- Изградба и опремување на детска градинка;
- Изградба на јавен паркинг покрај локација за детска градинка.

и)Населба **„Басарица“** во Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Пробивање, тампонирање и асфалтирање на улици
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Изградба на дел од атмосферска канализација со колектор кон река Брегалница
- Изградба на спортско игралиште
- Партерно уредување и поставување на урбана опрема
- Обезбедување на соодветно поврзување на населбата Басарица кон

сообраќајната мрежа на градот Делчево;
- Изградба на тротоар до населба Басарица;

ј)Населба **„Пролет“** во Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Експропријација на дел од улици
- Изградба на улица бр.3 и улица бр.5
- Изградба на дел од водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Тампонирање на улици
- Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
- Изградба на атмосферска канализација за дел од населба Пролет;
- Дислокација на главен цевковод Ф200 низ нас.Пролет;

к)**„Индустиска и сервисна зона“** и **„Сервисна зона“** во Делчево

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на дел од улична мрежа
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Изградба на улици бр.2 и бр. 4
- Дислокација на електричен кабел од 10 Кв

л)Населба **„Грамадна“**

Во текот на 2023 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на канализациона мрежа
- Изградба на дел од атмосферска канализација

љ) **Централно градско подрачје и урбана единица „2“ - дел од блок 2.2**

Во текот на 2023 година во овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изработка на проектна документација за водовод и канализација;
- Изградба на мрежа за улично осветлување и поставување на осветлување на улица 4 кон пешачкиот мост и дел од улица 3;
- Изградба на сообраќајна инфрстаруктура околу градскиот пазар
- Изградба на водовод и канализација
- Изградба на дел од атмосферска канализација
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево низводно од регулираното корито во должина од 500.32 м;
- Доградба на тротоар на улица бр.4 и изградба на дел од улица бр.4
- Дислокација на електричен кабел од 10Кв
- Изградба на пристапна улица зад Основен суд;
- Партерно уредување и поставување на урбана опрема
- Изградба на тротоар на улица Индустриска

- Реконструкција на улица Индустриска

м) Локалитети вон градежен реон и селски населби

Активности кои се планираат за 2023 година во овие населби се во останати активности:

- Изградба на филтер станица за вода за пиење за град Делчево во непосредна близина на с.Тработивиште;
- Изградба на фотоволтаична централа во непосредна близина на с.Тработивиште;
- Реконструкција (изградба) на дел од главен доводен цевковод и резервоар за вода за пиење за град Делчево на локација во с.Тработивиште;
- Реконструкција на училници и санитарни јазли во подрачно ООУ„Св.Климент Охридски“ во с.Тработивиште;
- Довршување на канализација во с.Ѕвегор;
- Доизградба на улично осветлување во с.Ѕвегор;
- Реконструкција на водоводната мрежа со изградба на резервоар за вода за пиење во с.Ѕвегор;
- Изградба на улица со краци во с.Звегор;
- Изградба на тротоар до с.Звегор;
- Довршување на реконструкцијата на спомен дом Разловечко востание во с.Разловци;
- Изградба на улица во с.Разловци;
- Изградба на улица во с.Стамер;
- Реконструкција на селските водоводи во с.Бигла;
- Продолжување на колекторот за фекална канализација во с.Град;
- Доградба на мрежа за улично осветлување во с.Бигла;
- Довршување на канализацијата во с.Габрово;
- Доградба на мрежата за улично осветлување во с.Габрово;
- Реконструкција на водоводната мрежа до с.Габрово;
- Реконструкција на селскиот водовод во с.Ветрен;
- Реконструкција на водоводна мрежа во с.Вирче;
- Изградба на улица во с.Вирче;
- Реконструкција на дел од водоводна линија во с.Стар Истевник;
- Довршување на фекална канализација во с.Полето;
- Реконструкција на водовод во Црнгалска маала во с.Турија;
- Реконструкција на водовод во Ридирска маала во с.Турија;
- Реконструкција на селскиот водовод и зголемување на капацитетот на водата (појачување) во с.Ветрен;
- Доизградба на канализација во с.Стамер;
- Осветлување на влезот во с.Тработивиште;
- Поставување на улично осветлување во Ќеловска и Тузлучка маала во с.Бигла;
- Реконструкција на водоводната мрежа во с.Тработивиште;
  - Поставување на урбана опрема во с.Тработивиште;

4.Извори на финансирање

Очекуван прилив на средства за уредување на градежно земјиште (комуналии) во текот на 2023 година

